Врз основа на член 112 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18, бр.96/19 и бр.236/22), согласно член 31-а, 31-б и 31-в од Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост – пречистен текст („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/23), а во врска со член 4 од Правилникот за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност бр.03-4588/1 од 30.10.2023 година, неизвршните членови на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост (скратен назив: НОМАГАС АД Скопје) во својство на орган на надзор објавуваат:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за именување на Службеник за усогласеност**

Се распишува јавен оглас за избор на 1 (еден) извршител на позиција Службеник за усогласеност на работењето на НОМАГАС АД Скопје со Законот за енергетика и друга поврзана законска и подзаконската регулатива, како и следење на реализацијата на Програмата за усогласеност на НОМАГАС АД Скопје, кој ќе биде именуван на определено време согласно времераењето на мандатот утврден со Правилникот за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност (објавен на веб страната на НОМАГАС АД Скопје: www.nomagas.com.mk).

Кандидатите кои се пријавуваат за оваа позиција треба да ги испонуваат следите услови:

1. да е државјанин на Република Северна Македонија и за истото да поседува доказ;
2. со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и да достави доказ;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС - VIA, или завршен (поранешни степени) VII/1 степен од областа на техничките науки, економијата или правото, за што приложува соодветна диплома/уверение;
4. да има најмалку 6 (шест) години работен стаж од кои најмалку 3 (три) години од областа на енергетиката, за што приложува доказ;
5. активно да го владее англискиот јазик и да поседува доказ за истото;
6. да нема интерес или било каков деловен однос, директно или индиректно, со друштва од енергетскиот сектор или со нивните содружници или акционери, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар;
7. да нема никаков деловен однос или друга финансиска корист со друштва од енергетскиот сектор или друштва корисници на системот за пренос на природен гас, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар;
8. најмалку една година пред објавувањето на јавниот оглас за службеник за усогласеност да не бил во работен однос и да немал никаков деловен однос или друга финансиска корист со трговци со природен гас, снабдувачи на природен гас или балансно одговорна страна на пазарот на природен гас или со нивните содружници или акционери, се докажува со изјава од апликантот заверена кај нотар.

Кандидатите кои се пријавуваат за наведената позиција од овој јавен оглас, треба да достават:

- пријава со биографија ( CV);
- уверение за државјанство на Република Северна Македонија во оригинал или фотокопија заверена на нотар (точка 1);
- доказ од казнена евиденција издаден од судот на чие подрачје се наоѓа живеалиштето на кандидатот или од казнената евиденција која се води при Централен регистар на РСМ дека кандидато не е осудуван со правосилна судска одлука и да не му е изречена казна забрана за вршење на професија или дејност (точка 2);
- диплома/уверение во оригинал или заверена фотокопија на нотар за завршено соодветно образование согласно наведениот услов (точка 3);
- доказ за работно искуство (листа - преглед од ПИОМ) во оригинал како доказ за работен стаж и изјава заверена на нотар со која се докажува дека има работен стаж најмалку 3 (три) години од областа на енергетиката со наведување каде и во колкав период е стекнат таквиот работен стаж во енергетиката (точка 4);
- доказ за познавање на англиски јазик во вид на сертификат, потврда, уверение и др., во оригинал или заверена фотокопија на нотар или своерачно потпишана изјава за активно познавање на англиски јазик (точка 5);
- изјави заверени на нотар како доказ за условите наведени во точка 6, 7 и 8 (може да биде и една изјава заверена од нотар како доказ во која се содржани точките 6, 7 и 8).

Работната недела трае 5 работни дена. Полното работно време изнесува 40 часа неделно, со 8 часа во работниот ден и тоа со почеток од 8:00 часот до 16:00 часот. Паричниот износ на основната нето плата на Службеникот за усогласеност е 59.500,00 денари.

Работата на Службеникот за усогласеност на работењето на НОМАГАС АД Скопје ги опфаќа сите работни задачи предвидени во член 112 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18, бр.96/19 и бр. 236/22) како и во Правилникот за условите и начинот на работење на службеникот за усогласеност бр.03-4588/1 од 30.10.2023 година.

Неизвршните членови на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје во својство на орган на надзор го именуваат службеник за усогласеност по претходно одобрение од страна на Регулаторна комисија за енергетика согласно Законот за енергетика.

Рокот за доставување на пријавите и документите на заинтересираните кандидати изнесува 5 (пет) работни дена, сметано од наредниот ден на објавувањето на огласот.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави нема да се земат во предвид при разгледувањето.

Пријавите со потребните документи да се достават во архивата или препорачано преку пошта на адреса:
Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Бул. Свети Климент Охридски бр. 54 Скопје, П.фах 583 со назнака „Јавен оглас за Службеник за усогласеност- не отворај“.

Телефон за контакт: 02/6090-137

НОМАГАС АД Скопје